30869

ИЗЛОЖБИ

# ГОЛЕМИНАТА НА СИТНАТА ПЛАСТИКА

**(ЗА НАСТАПОТ НА ВАЈАРСКАТА СЕКЦИЈА НА ДЛУМ ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА ВО СКОПЈЕ)**

Уметничката галерија од Скопје, во соработка со Друштвото на ликовните уметници на Македонија, еве, веќе по петти пат организираат една мошне интересна изложба, која има за цел да ја афирмира **ситната пластика**, односно скулптурата со помали димензии (со максимална висина од 40 см, а основа 50 см), која потоа може и да се трансформира и модицира во поголеми објекти, но и како таква има неоспорни уметнички вредности.

Како што забележува во предговорот на каталогот главниот организатор на изложбата **Коста Мартиноски**, на досегашните изложби на ситната пластика имавме можност да се сретнеме со една широка творечка дипла на стилски определби, што се состоеше од разновидни облици со фигуративни тенденции, стилизации па сè до апстрактни остварувања или дела со чиста декоративна намена, како дел од најсуптилното и интимно творештво на нашите скулптори.

**Веднаш можеме да забележиме дека последнава изложба на ситна пластика е досега најуспешна, најбогата и најкомплетна, што на организаторите им влеа уверување да продолжи со презентирање на овој вид скулптурално творештво, бидејќи резултатите на минатогодишната изложба провоцираа извесни дилеми, конкретно, дали воопшто треба да се излагаат малите скулптури независно од делата со поголеми димензии.** Имено, прикажаните експонати нè убедуваат дека и ситните форми можат да содржат впечаток на творечка големина.

Изложените дела можеме да ги поделиме на две основни групи: прво, дела со **ориентација кон апстрактното изразување**, и второ, дела во кои доминираат **фигуративните пластични сфаќања**. Во првата група можеме да ги наброиме склуптурите на **Јордан Грабулоски** (добитник на наградата на ДЛУМ за ситна пластика „Димо Тодоровски“), просторните форми на **Томе Андреевски**, полните силуети на **Стефан Маневски**, јадровитите облици на **Максим Димановски**, **Бранко Јакшиќ** и скулптурите на **Симеон Арнаудов**, **Петар Наневски** и **Владо Павлевски**.

Во втората група стојат делата на **Александар Ивановски Карадаре** (добитник на наградата на Уметничката галерија), суптилните фигури на **Боро Митриќески**, **Ангел Нацевски**, **Бранко Конески** и **Илија Лафазановски**, еротските екстази на **Васил Василев** и асоцијативните фигури на **Петар Хаџи Бошков**, мермерните фигурации со полна обвивка на **Драган Попоски — Дада**, на **Александар Смилков**, и на **Димитар Трајановски**, илустративните фигури во толчен бакар на **Борис Николоски**, единствениот портрет на **Боро Крстевски** и делата остварени во народен дух на **Анета Светиева**, **Благоја Чушков** и **Крсте Славковски**.

**Паскал Гилевски**

ВЕЧЕР ☆ 28 октомври 1983 година

6314, 12.